РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16 и 67/17), Државната изборна комисија на седницата одржана на 21.07.2017 година, донесе

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ, ПРИЕМ И ПОТВРДУВАЊЕ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

## *Глава I*

## I.1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Предлагањето на кандидати за избор на градоначалник и членови на Совет, се врши со поднесување на листа на кандидат за градоначалник, односно листа на кандидати за членови на Совет, која овластените претставници на предлагачите ја доставуваат до Општинската изборна комисија или Изборната комисија на град Скопје (во понатамошниот текст: ОИК / ИКГС).

Член 2

Право да поднесат листа на кандидат за градоначалник и листа на кандидати за членови на совет имаат:

- регистрираните политички партии самостојно,
- коалиции и
- група избирачи.

Член 3

Кандидат за градоначалник и кандидат за член на совет може да биде предложен само во една листа.

Член 4

Кандидатот за градоначалник и кандидат за член на совет мора да има постојано живеалиште на територијата на општината за која се кандидира.

Член 5

Подносителот на листа, во иста општина може да поднесе само една листа на кандидати за членови на советот и само една листа на кандидат за градоначалник.

Член 6

1) Бројот на членовите на советот се утврдува во зависност од бројот на жителите во општината, согласно последниот попис во Република Македонија и не може да биде помал од девет ниту поголем од 33 члена, и тоа во општините со:

| Број на жители | Членови во советот | Општини |
|---|---|---|
| до 5.000 | 9 | Вевчани, Лозово, Зрновци, Дојран, Конче, Новаци, Градско, Карбинци, Зелениково, Росоман, Ранковце, Демир Капија, Пласница и Старо Нагоричане. |
| од 5.001 до 10.000 | 11 | Дебарца, Пехчево, Сопиште, Кривогаштани, Центар Жупа, Могила, Македонски Брод, Чешиново – Облешево, Чашка, Македонска Каменица, Петровец, Чучер Сандево, Маврово и Ростуша, Богданци, Демир Хисар и Крушево. |
| од 10.001 до 20.000 | 15 | Кратово, Јегуновце, Ново Село, Арачиново, Валандово, Василево, Долнени, Берово, Босилово, Брвеница, Илинден, Пробиштип, Ресен, Студеничани, Делчево, Свети Николе, Неготино, Дебар и Виница. |
| од 20.001 до 40.000 | 19 | Крива Паланка, Шуто Оризари, Теарце, Гевгелија, Желино, Врапчиште, Липково, Радовиш, Боговиње, Сарај, Бутел, Кочани и Кавадарци. |
| од 40.001 до 60.000 | 23 | Ѓорче Петров, Центар, Штип, Струмица, Велес, Охрид, Кичево, Кисела Вода и Карпош. |
| од 60.001 до 80.000 | 27 | Струга, Чаир, Аеродром, Гази Баба и Прилеп. |
| од 80.001 до 100.000 | 31 | Гостивар, Тетово и Битола. |
| над 100.000 | 33 | Куманово. |

2) Советот на градот Скопје брои 45 членови.

## I.2. ЛИСТИ НА КАНДИДАТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА И ГРАДОТ СКОПЈЕ И ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА И ГРАДОТ СКОПЈЕ ПОДНЕСЕНИ ОД РЕГИСТРИРАНИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ИЛИ КОАЛИЦИИ

### Член 7

1) Називот на листата на кандидат за Градоначалник на општината и градот Скопје, односно листа на кандидати членови на советот на општината и градот Скопје (во понатамошниот текст: Листата на кандидати) се означува според името на подносителот на листата (името на политичката партија односно коалицијата).

2) Листата на кандидати ја потпишува лично овластен претставник на подносителот на листата.

### Член 8

Кога подносител на листата на кандидати е коалиција, субјективитетот на подносителот на листата на кандидати го утврдува ОИК / ИКГС, врз основа на Договор на политичките партии кои настапуваат како коалиција на изборите за избор на градоначалник и членови на совет (во понатамошниот текст: Договор за коалиција).

### Член 9

1) Договорот за коалиција го склучуваат претставници на политичките партии кои настапуваат заедно (коалициски партнери) и тој задолжително содржи: името на коалицијата, симболот (ако го има) и општината/те во која/и ќе настапуваат како коалиција.

2) Договорот за коалиција може да содржи и одредби со кои се регулираат други меѓусебни права и обврски помеѓу коалициските партнери.

3) Договорот за коалиција, може да се однесува на настапување како коалиција во една или повеќе општини.

4) Коалицијата може да учествува на локалните избори со:

- листа на кандидат за градоначалник и листа на кандидати за членови на советот на општината и градот Скопје,
- само со листа на кандидат за градоначалник на општината и градот Скопје и
- само со листа на кандидати за членови на советот на општината и градот Скопје.

5) Договорот за коалицирање, потврдата од Централниот регистар и решението од надлежниот суд за регистрација на политичката партија, кои се доставуваат во прилог на поднесената листа на кандидати, се поднесуваат во оригинал или во копија заверена на нотар.

6) По исклучок, договорот за коалицирање, потврдата од централниот регистар и решението од надлежниот суд за политичката партија, кои се поднесуваат во прилог на поднесената листа на кандидати за избор на членови на совет односно градоначалник, доколку бидат поднесени во копија, оригиналот од договорот за коалицирање, потврдата од централниот регистар и решението од надлежниот суд за политичката партија се депонира во Државната изборна комисија (во понатамошниот текст: ДИК).

7) ОИК / ИКГС, пред утврдување на субјективитетот на подносителот на листата на кандидати за избор на членови на совет и градоначалници, договорот за коалицирање, потврдата од централниот регистар и решението од надлежниот суд за политичката партија , го проверуваат со оригиналните документи депонирани во ДИК.

8) ДИК, на барање на ОИК / ИКГС, потврдува дека копиите од доставените договори за коалицирање, потврдите од централниот регистар и решенијата од надлежниот суд за политичката партија, се верни на оригиналите или нотарски заверените копии кои се депонирани во ДИК.

## I.3. ЛИСТИ НА КАНДИДАТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА И ГРАДОТ СКОПЈЕ И ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА И ГРАДОТ СКОПЈЕ ПОДНЕСЕНИ ОД ГРУПА ИЗБИРАЧИ

Член 10

Ако подносител на листата на кандидати е група избирачи, називот на листата се означува со:

- „Група избирачи" и името и презимето на кандидатот за градоначалник на општината односно градот Скопје и
- „Група избирачи" и името и презимето на носителот на листата на кандидати за членови на советот на општината односно градот Скопје.

Член 11

1) Кога подносител на листата на кандидати е група избирачи, потребно е да се соберат потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список кои имаат избирачко право и постојано живеалиште на подрачјето на општината според бројот на жители во општината, согласно последниот попис во Република Македонија и тоа:

- <u>во општините до 10.000 жители најмалку 100 потписи</u>: Вевчани, Лозово, Зрновци, Дојран, Конче, Новаци, Градско, Карбинци, Зелениково, Росоман, Ранковце, Демир Капија, Пласница, Старо Нагоричане, Дебарца, Пехчево, Сопиште, Кривогаштани, Центар Жупа, Могила, Македонски Брод, Чешиново – Облешево, Чашка, Македонска Каменица, Петровец, Чучер Сандево, Маврово и Ростуша, Богданци, Демир Хисар и Крушево.
- <u>во општините од 10.001 до 30.000 жители најмалку 150 потписи</u>: Кратово, Јегуновце, Ново Село, Арачиново, Валандово, Василево, Долнени, Берово, Босилово, Брвеница, Илинден, Пробиштип, Ресен, Студеничани, Делчево, Свети Николе, Неготино, Дебар, Виница, Крива Паланка, Шуто Оризари, Теарце, Гевгелија, Желино, Врапчиште, Липково, Радовиш и Боговиње.
- <u>во општините од 30.001 до 50.000 жители најмалку 250 потписи</u>: Сарај, Бутел, Кочани, Кавадарци, Ѓорче Петров, Центар и Штип.
- <u>во општините од 50.001 до 100.000 жители најмалку 350 потписи</u>: Струмица, Велес, Охрид, Кичево, Кисела Вода, Карпош, Струга, Чаир, Аеродром, Гази Баба, Прилеп, Гостивар, Тетово и Битола.
- <u>во општините над 100.001 жители најмалку 450 потписи</u>: Куманово.

2) Во градот Скопје најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список на подрачјето на градот Скопје.

Член 12

1) Потписите на избирачите во постапката на кандидирање се собираат пред службените лица на ДИК на посебен образец.

2) Секој избирач својот потпис може да го даде за повеќе листи на кандидати.

## I.4. СОДРЖИНА НА ЛИСТАТА ШТО СЕ ПОДНЕСУВА

Член 13

1) Листите на кандидати, поднесени од политички партии или коалиции се поднесува на соодветен образец, усвоен од ДИК, во оргинал, и тоа:

- Листа на кандидат за Градоначалник на општината,
- Листа на кандидати за членови на Советот на општината,
- Листа на кандидат за Градоначалник на Град Скопје,
- Листа на кандидат за членови на Советот на Град Скопје.

2) Листата на кандидат за градоначалник на општината односно градот Скопје содржи:

- име на општината, односно градот Скопје за кој се врши изборот,
- назив на листата,
- име и симболот, ако го има на подносителот на листата,
- име и презиме на предложениот кандидат за градоначалник со означување на неговото постојано живеалиште и единствениот матичен број на граѓанинот.

3) Листата на кандидати за членови на советот на општината односно градот Скопје содржи:

- означување на советот на општината, односно градот Скопје за кој се врши изборот,
- назив на листата,
- име и симболот, ако го има на подносителот на листата,
- име и презиме на носителот на листата со означување на неговото постојано живеалиште и единствениот матичен број на граѓанинот,
- име и презиме на секој кандидат со означување на неговото постојано живеалиште и единствен матичен број на граѓанинот и содржи онолку кандидати колку што се избираат членови во советот на општината односно градот Скопје.

Член 14

1) Листите на кандидати, поднесени од група избирачи се поднесува на соодветен образец, усвоен од ДИК, во оргинал, и тоа:

- Листа на кандидат за Градоначалник на општината,
- Листа на кандидати за членови на Советот на општината,
- Листа на кандидат за Градоначалник на Град Скопје,
- Листа на кандидат за членови на Советот на Град Скопје.

2) Листа на кандидат за градоначалник на општината односно градот Скопје содржи:

- име на општината, односно градот Скопје за кој се предлага,
- назив на листата,
- име на подносителот на листата,
- име и презиме на предложениот кандидат за градоначалник со означување на неговото постојано живеалиште и единствениот матичен број на граѓанинот.

3) Кога подносител на листа на кандидат е група избирачи, називот на листата се означува со „група избирачи" и името и презимето на кандидатот.

4) Листата на кандидати за членови на советот на општината односно градот Скопје содржи:

- означување на советот на општината, односно градот Скопје за кој се врши изборот,
- назив на листата
- име на подносителот на листата,
- име и презиме на носителот на листата со означување на неговото постојано живеалиште и единствениот матичен број на граѓанинот,
- име и презиме на секој кандидат со означување на неговото постојано живеалиште и единствен матичен број на граѓанинот и содржи онолку кандидати колку што се избираат членови во советот на општината односно градот Скопје.

5) Кога подносител на листа на кандидати е група избирачи, називот на листата се означува со „група избирачи“ и името и презимето на носителот на листата.

## I.5. РОДОВА ЗАСТАПЕНОСТ ВО ЛИСТИТЕ НА КАНДИДАТИ

Член 15

Во поднесената листа на кандидати за членови на советот на општината и градот Скопје, најмалку 40% од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол.

Член 16

При составување на листата на кандидати, на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места.

Член 17

Во следниве табели се илустрирани различни комбинации:

| Број на советници | Најмалку 40 % | Критериуми за распределување | |
|---|---|---|---|
| | | Критериум 1 | Критериум 2 |
| 9 | Задолжително најмалку 4 места се загарантирани за кандидати од помалку застапениот пол. | Кандидат 1 | Четвртиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 до 9. |
| | | На било кое место од 1, 2 , 3 | |
| | | Кандидат 2 | |
| | | На било кое место од 4, 5, 6 | |
| | | Кандидат 3 | |
| | | На било кое место од 7, 8, 9 | |

| Број на советници | Најмалку 40 % | Критериуми за распределување | |
|---|---|---|---|
| | | Критериум 1 | Критериум 2 |
| 11 | Задолжително најмалку 5 места се загарантирани за кандидати од помалку застапениот пол. | Кандидат 1 | Четвртиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 до 10.<br><br>Петтиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 до 11 |
| | | На било кое место од 1, 2, 3 | |
| | | Кандидат 2 | |
| | | На било кое место од 4, 5, 6 | |
| | | Кандидат 3 | |
| | | На било кое место од 7, 8, 9 | |

| Број на советници | Најмалку 40 % | Критериуми за распределување | |
|---|---|---|---|
| | | Критериум 1 | Критериум 2 |
| 15 | Задолжително најмалку 6 места се загарантирани за кандидати од помалку застапениот пол. | Кандидат 1 | Шесттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 до 10 |
| | | На било кое место од 1, 2, 3 | |
| | | Кандидат 2 | |
| | | На било кое место од 4, 5, 6 | |
| | | Кандидат 3 | |
| | | На било кое место од 7, 8, 9 | |
| | | Кандидат 4 | |
| | | На било кое место од 10, 11, 12 | |
| | | Кандидат 5 | |
| | | На било кое место од 13, 14, 15 | |

| Број на советници | Најмалку 40 % | Критериуми за распределување | |
|---|---|---|---|
| | | Критериум 1 | Критериум 2 |
| 19 | Задолжително најмалку 8 места се загарантирани за кандидати од помалку застапениот пол. | Кандидат 1<br>На било кое место од 1, 2, 3<br>Кандидат 2<br>На било кое место од 4, 5, 6<br>Кандидат 3<br>На било кое место од 7, 8, 9<br>Кандидат 4<br>На било кое место од 10, 11, 12<br>Кандидат 5<br>На било кое место од 13, 14, 15<br>Кандидат 6<br>На било кое место од 16, 17, 18 | Седмиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 и 10<br><br>Осмиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 и 19 |

| Број на советници | Најмалку 40 % | Критериуми за распределување | |
|---|---|---|---|
| | | Критериум 1 | Критериум 2 |
| 23 | Задолжително најмалку 10 места се загарантирани за кандидати од помалку застапениот пол. | Кандидат 1<br>На било кое место од 1, 2, 3<br>Кандидат 2<br>На било кое место од 4, 5, 6<br>Кандидат 3<br>На било кое место од 7, 8, 9<br>Кандидат 4<br>На било кое место од 10, 11, 12<br>Кандидат 5<br>На било кое место од 13, 14, 15<br>Кандидат 6<br>На било кое место од 16, 17, 18<br>Кандидат 7<br>На било кое место од 19, 20, 21 | Осмиот кандидат може да биде распореден во било кое место од 1 до 10<br><br>Деветтиот кандидат може да биде распореден во било кое место од 11 до 20<br><br>Десеттиот кандидат може да биде распореден во било кое место од 1 до 23. |

| Број на советници | Најмалку 40 % | Критериуми за распределување | |
|---|---|---|---|
| | | Критериум 1 | Критериум 2 |
| 27 | Задолжително најмалку 11 места се загарантирани за кандидати од помалку застапениот пол. | Кандидат 1<br>На било кое место од 1, 2, 3<br>Кандидат 2<br>На било кое место од 4, 5, 6<br>Кандидат 3<br>На било кое место од 7, 8, 9<br>Кандидат 4<br>На било кое место од 10, 11, 12<br>Кандидат 5<br>На било кое место од 13, 14, 15<br>Кандидат 6<br>На било кое место од 16, 17, 18<br>Кандидат 7<br>На било кое место од 19, 20, 21<br>Кандидат 8 | Десеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 до 10<br><br>Единаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 11 до 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | На било кое место од 22, 23, 24 | |
| | | Кандидат 9 | |
| | | На било кое место од 25, 26, 27 | |

| Број на советници | Најмалку 40% | Критериуми за распределување<br>Критериум 1 | Критериум 2 |
|---|---|---|---|
| 31 | Задолжително најмалку 13 места се загарантирани за кандидати од помалку застапениот пол. | Кандидат 1<br>На било кое место од 1, 2, 3<br>Кандидат 2<br>На било кое место од 4, 5, 6<br>Кандидат 3<br>На било кое место од 7, 8, 9<br>Кандидат 4<br>На било кое место од 10, 11, 12<br>Кандидат 5<br>На било кое место од 13, 14, 15<br>Кандидат 6<br>На било кое место од 16, 17, 18<br>Кандидат 7<br>На било кое место од 19, 20, 21<br>Кандидат 8<br>На било кое место од 22, 23, 24<br>Кандидат 9<br>На било кое место од 25, 26, 27<br>Кандидат 10<br>На било кое место од 28, 29, 30 | Единаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 до 10.<br><br>Дванаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 11 до 20.<br><br>Тринаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 21 до 30. |

| Број на советници | Најмалку 40% | Критериуми за распределување<br>Критериум 1 | Критериум 2 |
|---|---|---|---|
| 33 | Задолжително најмалку 14 места се загарантирани за кандидати од помалку застапениот пол. | Кандидат 1<br>На било кое место од 1, 2, 3<br>Кандидат 2<br>На било кое место од 4, 5, 6<br>Кандидат 3<br>На било кое место од 7, 8, 9<br>Кандидат 4<br>На било кое место од 10, 11, 12<br>Кандидат 5<br>На било кое место од 13, 14, 15<br>Кандидат 6<br>На било кое место од 16, 17, 18<br>Кандидат 7<br>На било кое место од 19, 20, 21<br>Кандидат 8<br>На било кое место од 22, 23, 24<br>Кандидат 9<br>На било кое место од 25, 26, 27<br>Кандидат 10 | Дванаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 до 10.<br><br>Тринаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 11 до 20.<br><br>Четиринаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 21 до 30. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | На било кое место од 28, 29, 30 | |
| | | Кандидат 11 | |
| | | На било кое место од 31, 32, 33 | |

| ГРАД СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|
| Број на советници | Најмалку 40% | Критериуми за распределување | |
| | | Критериум 1 | Критериум 2 |
| 45 | Задолжително најмалку 19 места се загарантирани за кандидати од помалку застапениот пол. | Кандидат 1 | Шеснаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 1 до 10. |
| | | На било кое место од 1, 2, 3 | |
| | | Кандидат 2 | |
| | | На било кое место од 4, 5, 6 | Седумнаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 11 до 20. |
| | | Кандидат 3 | |
| | | На било кое место од 7, 8, 9 | |
| | | Кандидат 4 | |
| | | На било кое место од 10, 11, 12 | Осумнаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 21 до 30. |
| | | Кандидат 5 | |
| | | На било кое место од 13, 14, 15 | |
| | | Кандидат 6 | |
| | | На било кое место од 16, 17, 18 | Деветнаесеттиот кандидат може да биде распореден на било кое место од 31 до 40. |
| | | Кандидат 7 | |
| | | На било кое место од 19, 20, 21 | |
| | | Кандидат 8 | |
| | | На било кое место од 22, 23, 24 | |
| | | Кандидат 9 | |
| | | На било кое место од 25, 26, 27 | |
| | | Кандидат 10 | |
| | | На било кое место од 28, 29, 30 | |
| | | Кандидат 11 | |
| | | На било кое место од 31, 32, 33 | |
| | | Кандидат 12 | |
| | | На било кое место од 34, 35, 36 | |
| | | Кандидат 13 | |
| | | На било кое место од 37, 38, 39 | |
| | | Кандидат 14 | |
| | | На било кое место од 40, 41, 42 | |
| | | Кандидат 15 | |
| | | На било кое место од 43, 44, 45 | |

## I.6. ПРИЛОЗИ КОН ПОДНЕСЕНИТЕ ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ

Член 18

1) Кон листите за кандидати, поднесени од политички партии се доставува:

- Потврда од надлежен суд за регистрација на политичка партија, за 2017 година во оргинал или копија заверена на нотар,
- Образец, Листа на кандидат за Градоначалник на општината односно градот Скопје и/или Листа на кандидати за членови на советот на општината односно на градот Скопје, во оргинал.
- Образец, Изјава за прифаќање на кандидатура за секој кандидат од листата, во оргинал.
- Образец, Изјава за припадност на одредена заедница) за секој кандидат од листата, во оргинал.
- Копија од важечка лична карта за секој кандидат од листата.

- Доказ дека не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над 6 месеци, чие издржување се уште не е започнато, за секој кандидат од листата на кандидати, во оргинал.
- Симбол, ако го има, во електронска форма во *jpg или *tif формат на ЦД РОМ, УСБ или друг погоден медиум и
- Образец / Доказ за обезбеден ЕДБ, со назнака „за изборна кампања" и отворена транскациона сметка со назнака „за изборна кампања", во оргинал или копија заверена на нотар.

2) Потврдата од Централниот регистар за обезбеден ЕДБ (со назнака „за изборна кампања" и отворена транскациона сметка) и Решението од надлежниот суд за регистрација на политичката партија, кои се доставуваат во прилог на поднесената листа на кандидати, се поднесуваат во оригинал или во копија заверена на нотар.

3) Кога политичката партија, поднесува листи на кандидати во повеќе општини, оргиналите или копиите заверени на нотар од Потврдата од Централниот регистар за обезбеден ЕДБ (со назнака „за изборна кампања" и отворена транскациона сметка), Решението од надлежниот суд за регистрација на политичката партија и симболот, се депонираат во ДИК, а во прилог на поднесените листи, до ОИК/ИКГС доставуваат копии од овие документи со назнака дека оригиналите се депонирани во ДИК.

Член 19

1) Кон листите за кандидати, поднесени од коалиции се доставува:
- Образец, Договор за настапување како коалиција, во оргинал или копија заверена на нотар,
- Потврда од надлежен суд за регистрација за секоја политичка партија, за 2017 година во оргинал или копија заверена на нотар,
- Образец, Листа на кандидат за Градоначалник на општината односно градот Скопје и/или Листа на кандидати за членови на советот на општината односно на градот Скопје, во оргинал.
- Образец, Изјава за прифаќање на кандидатура за секој кандидат од листата, во оргинал.
- Образец, Изјава за припадност на одредена заедница за секој кандидат од листата, во оргинал.
- Копија од важечка лична карта или патна исправа за секој кандидат од листата.
- Доказ дека не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над 6 месеци, чие издржување се уште не е започнато, за секој кандидат од листата на кандидати, во оргинал.
- Симбол (доколку го има), во електронска форма во *jpg или *tif формат на ЦД РОМ, УСБ или друг погоден медиум и
- Образец, Доказ за обезбеден ЕДБ, со назнака „за изборна кампања" и отворена транскациона сметка со назнака „за изборна кампања", во оргинал или копија заверена на нотар.

2) Потврдата од Централниот регистар за обезбеден ЕДБ (со назнака „за изборна кампања" и отворена транскациона сметка) и Решенијата од надлежниот суд за регистрација на политичките партии, кои го потпишале договорот за коалиција и кои се доставуваат во прилог на поднесената листа на кандидати, се поднесуваат во оригинал или во копија заверена на нотар.

3) Кога коалицијата, поднесува листи на кандидати во повеќе општини, оргиналите или копиите заверени на нотар од Потврдата од Централниот регистар за обезбеден ЕДБ (со назнака „за изборна кампања" и отворена транскациона сметка), Решението од надлежниот суд за регистрација на политичките партии партија и симболот, се депонираат во ДИК, а во прилог на поднесените листи, до ОИК / ИКГС доставуваат копии од овие документи со назнака дека оригиналите се депонирани во ДИК.

Член 20

1) Кон листите за кандидати, поднесени од група избирачи се доставува:
- Образец, Собрани потписи за листа на кандидат за градоначалник на општината односно градот Скопје и Собрани потписи за листа на кандидати за членови на советот на општината односно градот Скопје, во оргинал,
- Образец, Листа на кандидат за Градоначалник на општината односно градот Скопје и/или Листа на кандидати за членови на советот на општината односно на градот Скопје, во оргинал.
- Образец, Изјава за прифаќање на кандидатура) за секој кандидат од листата, во оргинал.
- Образец, Изјава за припадност на одредена заедница) за секој кандидат од листата, во оргинал.
- Копија од важечка лична карта или патна исправа за секој кандидат од листата.

- Доказ дека не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над 6 месеци, чие издржување се уште не е започнато, за секој кандидат од листата на кандидати, во оргинал и
- Образец, Доказ за обезбеден ЕДБ, со назнака „за изборна кампања“ и отворена транскациона сметка со назнака „за изборна кампања“, во оргинал или копија заверена на нотар.

## *Глава II*

## II.1. ПРОВЕРКА НА ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ

Член 21

ОИК/ИКГС по приемот на листите на кандидати, утврдува:

- дали истата е поднесена во утврдениот рок,
- дали е составена во согласност со одредбите на Изборниот законик и
- дали се доставени бараните прилози кон поднесените листи на кандидати.

Член 22

1) Дејствијата во постапката за проверка на поднесените листи, ОИК / ИКГС ги врши по следниот редослед:

- утврдува дали листата е поднесена навремено, во рокот определен со роковникот на ДИК,
- утврдува дали листата е поднесена на образец пропишан од ДИК,
- утврдува дали листата е потпишана лично од овластениот преставник на подносителот,
- утврдува дали истиот подносител претходно нема поднесено друга листа на кандидати.

При оваа проверка ОИК / ИКГС утврдува и дали подносителот нема поднесено листи на кандидати како дел од некоја коалиција.

2) Утврдува за секој од кандидатите, дали не е претходно кандидиран од друг подносител на листа.

3) Утврдува дали со поднесената листа, подносителот ги доставил сите потребни прилози и дали прилозите се во предвидената форма и содржина:

- Неотповиклива изјава за прифаќање на кандидатурата, лично потпишана од секој кандидат, во оргинал.
- Изјава за припадност на заедница, лично потпишана од секој кандидат, во оргинал.

4) Ги проверува сите податоци внесени во изјавата, како и потписот на кандидатот дали соодветствуваат со податоците во личната карта. ОИК / ИКГС задолжително внимава дали податоците од важечкиот личен документ на кандидатот целосно се совпаѓаат со впишаните податоци во поднесените кандидатски листи, изјавите за прифаќање на кандидатура и изјавите за припадност на зедницата.

5) Доказ – Потврда од надлежниот основен суд на чија што територија кандидатот има пријавено живеалиште, дека кандидатот не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, а чие што издржување се уште не е започнато, во оргинал.

6) Утврдува за секој од кандидатите, дали се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело, преку проверка во известувањето од ДИК за лица од конкретната општина кои се на издржување казна затвор за сторено кривично дело.

7) Копија од важечка лична карта на секој кандидат.

8) За политичките партии - Потврда од надлежен суд за регистрација за политичка партија за 2017 година.

9) За коалици:

- договор за коалиција и
- копија од потврда за регистрација за секоја политичка партија која го потпишала договорот за коалиција, за 2017 година.

10) За групи избирачи:

- дали собраните потписи се на соодветен образец,
- дали образецот е заверен од овластеното лице од ДИК,
- дали на листата го има наведено името на општината за која е поднесена листата,
- дали листата содржи име на подносителот на листата,
- дали листата на кандидат за градоначалник има само еден кандидат,

- дали листата на кандидати за членови на совет содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на совет во соодветната општина,

11) Дали во листата на кандидати за членови на совет родовата застапеност е согласно Изборниот законик и ова упатство (најмалку 40% од кандидатите да му припаѓаат на помалку застапениот пол),

- дали за секој кандидат има наведено име и презиме, неговото постојано живеалиште и единствениот матичен број,
- дали секој од кандидатите има постојано живеалиште во општината каде што се кандидира, односно градот Скопје.

## II.2. УТВРДУВАЊЕ НА СУБЈЕКТИВИТЕТ НА ПОДНОСИТЕЛ НА ЛИСТА НА КАНДИДАТИ

Член 23

Кога подносителот на листите на кандидати е коалиција, ОИК / ИКГС го утврдува субјективитетот на коалицијата и за тоа на подносителот на листата му издава потврда.

Член 24

ОИК / ИКГС го утврдува субјективитетот врз основа на:

- Договорот за коалиција и
- Приложените решенијата од надлежниот суд за регистрација на политичките партии за 2017 година, кои го потпишале договорот за коалиција.

Член 25

ОИК / ИКГС при утврдувањето на субјективитетот мора особено да внимава на тоа:

- дали називите на политичките партии во Договорот за коалиција се совпаѓаат со решенијата за регистрација и
- дали бројот на политичките партии наведени во Договорот за коалиција се совпаѓа со бројот на приложените решенија за регистрација.

## *ГЛАВА III.*

## III.1. ПОТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТИТЕ НА КАНДИДАТИ

Член 26

1) Ако ОИК / ИКГС утврди дека листата е поднесена во определениот рок, определен со роковникот на ДИК и е составена во согласност со одредбите од Изборниот законик, поднесената листа ќе ја потврди со решение веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа од приемот на пропишан образец.

2) Пред потврдување на кандидатските листи, ОИК / ИКГС е должна да провери дали кандидат е лице на кое со конечно решение од Комисија за верификација на факти му е утврдена соработка со органи на државна безбедност го исполнува условот со кој му се ограничува правото за вршење на јавна функција, 5 години од денот на конечност на решението во Регистарот на лица за кои Комисијата утврди дека го исполнуваат условот со кој се ограничува вршењето на јавна функција.

Член 27

Ако ОИК / ИКГС утврди дека листата е поднесена ненавремено, односно по истекот на рокот определен со роковникот на ДИК, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од 24 часа од приемот на листата на пропишан образец.

Член 28

Ако ОИК / ИКГС утврди дека листата е поднесена во определениот рок определен со роковникот на ДИК но во листата има одделни неправилности, ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата, да ги отстрани неправилностите во рок од 48 часа од доставување на известувањето.

Член 29

Ако ОИК / ИКГС утврди дека констатираните неправилности или пропусти подносителот на листата ги отстранил во рокот од 48 часа, поднесената листа ќе ја потврди со решение веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа од приемот на пропишан образец.

Член 30

Ако ОИК / ИКГС утврди дека констатираните неправилности или пропусти, подносителот на листата не ги отстранил во рокот од 48 часа, поднесената листа ќе ја отфрли со решение најдоцна во рок од 24 часа, сметајќи од истекот на рокот за отстранување на неправилностите на пропишан образец.

Член 31

1) Против решението на ОИК / ИКГС може да се поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 24 часа од приемот на решението.

2) Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 24 часа од приемот на тужбата.

3) Доставување на приговор и тужба по пошта не е дозволено.

Член 32

ОИК / ИКГС по потврдување на листите на кандидати, доставува до ДИК известување со список на потврдени листи и овластени подносители на истите, заради спроведување на ждрепката за утврдување на редоследот на листите во единствената листа на кандидат односно единствената листа на кандидати.

## III. 2. ЕДБ И ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА СО НАЗНАКА „ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА“

Член 33

1) Политичката партија, коалицијата односно носителот на независната листа од група избирачи, задолжително обезбедуваат ЕДБ (единствен даночен број) со назнака „за изборна кампања“ и кај носител на платен промет во Република Македонија (банка) отвораат трансакциона сметка со назнака „за изборна кампања“.

2) Оваа активност тие ја преземаат најдоцна 48 часа по потврдување на листата за кандидати, а најрано 48 часа по распишување на изборите.

Член 34

1) Во тој рок од 48 часа по потврдување на листата, доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциона сметка се доставува до надлежната ОИК / ИКГС.

2) Кога политичката партија, односно коалицијата, поднесуваат листи на кандидати во повеќе општини, оргиналите од потврдата од Централниот регистар за обезбеден ЕДБ (со назнака „за изборна кампања“ и отворена транскациона сметка) ги депонираат во ДИК а до ОИК / ИКГС доставуваат копии со назнака дека оригиналите се депонирани во ДИК.

Член 35

Ако политичката партија, коалицијата односно носителот на независна листа од група избирачи не обезбедат ЕДБ и не отворат трансакциона сметка, односно ако во рок од 48 часа по потврдување на листата не го достават до ОИК / ИКГС доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциона сметка, потврдената листа на кандидати, се поништува со решение на ОИК / ИКГС.

Член 36

Во прилог на ова упатство се сите наведени обрасци во него.

**Број 08-1428/1**
**25.07. 2017 година**
**СКОПЈЕ**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**

*Изработил:Правна служба*

*Одобрил: Добре Јанчев*